**20242784790**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 23 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/98) и член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 декември 2024 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ПРИМЕНА НА ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА РЕГИОНАЛНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ПАНЕВРО-МЕДИТЕРАНСКИТЕ ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА ЗА ПОТЕКЛО, ИЗМЕНЕТА СО ОДЛУКАТА БР.2/2024 НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОМИТЕТ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ПАНЕВРО-МЕДИТЕРАНСКИТЕ ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА НА ПОТЕКЛО ОД 12.12.2024 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР.1/2023 НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОМИТЕТ СО ЦЕЛ ВКЛУЧУВАЊЕ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ НА ИЗМЕНИТЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ПАНЕВРО-МЕДИТЕРАНСКИ ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА ЗА ПОТЕКЛО КОИ СЕ ПРИМЕНУВААТ ОД 1 ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА**

1. Се одобрува предвремената примена на изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила за потекло, изменета со Одлуката бр.2/2024 на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила на потекло од 12.12.2024 година за изменување и дополнување на Одлуката бр.1/2023 на Заедничкиот комитет со цел вклучување преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло кои се применуваат од 1 јануари 2025 година, потпишана на 12 декември 2024 година во Брисел, а предвремената примена ќе започне на 1 јануари 2025 година.
2. Составен дел на оваа одлука е изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила за потекло, изменета со Одлуката бр.2/2024 на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила на потекло од 12.12.2024 година за изменување и дополнување на Одлуката бр.1/2023 на Заедничкиот комитет со цел вклучување преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло кои се применуваат од 1 јануари 2025 година.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-13073/20
31 декември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.